Врз основа на член 18 став 1 алинеја 3 и член 20 став 1 алинеја 10, а во врска со член 41 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16), член 15 став 1 алинеја 3 и член 39 став 1 алинеја 10 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година, согласно Заклучокот на Советот, бр.02-3376/6 од 27.07.2017 година, одлучувајќи по Известувањето за промена на сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје бр.02-327 од 12.07.2017 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 26-тата седница одржана на 27.07.2017 година донесе:

## О Д Л У К А

1. СЕ ДОЗВОЛУВА промена во сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје, и тоа:

1.1 за истапување на правното лице:
- Друштво за архитектура и инженеринг АРК ДИЗАЈН ДООЕЛ Скопје, с

1.2. за пристапување на физичкото лице:
- Ристо Гоговски, (

2. Се задолжува Трговското радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје, по извршената промена наведена во точка 1 на оваа Одлука, до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да достави актуелна тековна состојба издадена од Централен регистар на Република Македонија.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

## О б р а з л о ж е н и е

Трговското радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје, согласно член 41 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16) и Правилникот за формата и содржината на известувањето за промена на сопственичката структура („Службен весник на Република Македонија“ бр.171/14), со Известување за промена на сопственичката структура бр.02-327 од 12.07.2017 година, ја извести Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за неговата намера да спроведе промена во сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје.

Со оглед дека Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги констатираше дека со спроведувањето на промената во сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје не се создава недозволена медиумска концентрација во смисла на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно дека оваа промена не е спротивна на забраната од членовите 34, 35 став 2 и 38 од истиот Закон, по поднесеното Известување за промена на сопственичката

структура бр.02-327 од 12.07.2017 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе одлука како во диспозитивот.

Бр.02-327
28.07. 2017 година
Скопје

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Совет,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука**: Против оваа одлука радиодифузерот, доколку не е задоволен од истата, има право во рок од 30 дена од денот на доставувањето на одлуката да поднесе тужба за поведување на управен спор до надлежниот суд.